

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

# СТРАТЕГИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА 2021 - 2025

Да работиме заедно за подобро здравје и поголема безбедност на работа за секој работник!

декември 2021 година

## Содржина

**ВОВЕД** ..................................... 3

**1. ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКАТА СОСТОЈБА И РЕАЛИЗИРАНИ РЕЗУЛТАТИ** ......... 7

**2. ВИЗИЈА И МИСИЈА** ..................................... 14

**3. СТРАТЕШКИ НАСОКИ, ВРЕДНОСТИ, ИНСТРУМЕНТИ И ПРИНЦИПИ НА ДЕЛУВАЊЕ** .....................................17

**3.1 Стратешки насоки** .....................................17

**3.2 Вредности на стратегијата** .....................................17

**3.3 Инструменти** .....................................18

**3.4 Стратешки принципи на делување** .....................................18

**4. СТРАТЕШКА ЦЕЛ И ПРИОРИТЕТИ** .....................................20

**4.1 Стратешки приоритети** .....................................20

**4.1.1 Јакнење и унапредување на законска рамка во областа на БЗР** ....................21

**4.1.2 Јакнење и унапредување на организациските капацитети и човечки ресурси** .....................................21

**4.1.3 Јакнење и унапредување на способноста за одговор на системите на БЗР на постоечки и новонастанати ризици - нови предизвици** ..................................24

**5. МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И ИЗВЕСТУВАЊЕ** .....................................27

**6. ФИНАНСИРАЊЕ** .....................................27

***Користени документи*** .....................................*28*

**Листа на кратенки:**

| | |
|---|---|
| БЗР | Безбедност и здравје при работа |
| БР | Безбедност при работа |
| МТ | Медицина на трудот |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МЕ | Министерство за економија |
| ФЗОМ | Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија |
| ФПИОМ | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија |
| НСБЗР | Национален совет за безбедност и здравје при работа |
| ДИТ | Државен инспекторат за труд |
| ИМТ | Институт за медицина на трудот на РСМ |
| ИЈЗ | Институт за јавно здравје на РСМ |
| СМТ | Служби за медицина на трудот |
| МЗЗПР | Македонско здружение за заштита при работа, Скопје |
| ТУТ | Тутела - Здружение на инженери за заштита, Скопје |
| МЗМТ | Македонско здружение за медицина на трудот |
| ЕСС | Економско социјален совет |
| ОРМ | Организација на работодавачи на Македонија |
| ССМ | Сојуз на Синдикати на Македонија |
| ССК | Сојуз на стопански комори на Македонија |
| ЗАПОВИМ | Заедница на заштитни друштва на Македонија - ЗАПОВИМ |
| МФ | Машински факултет |
| УКИМ | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје |
| УГД | Универзитет „Гоце Делчев“, Штип |
| УКЛО | Универзитет „Климент Охридски“, Битола |
| МОТ | Меѓународна организација на трудот *(International Labour Organization)* |
| EU-OSHA | Европска агенција за БЗР *(European Agency for Safety and Health at Work)* |
| ФЕС | Фондација „Фридрих Еберт“ *(Friedrich Ebert Stiftung)* |
| ЦОР | Цели за одржлив развој на Обединетите нации *(UN Sustainable Development Goals – SDG)* |



***Да работиме заедно за подобро здравје и***

***поголема безбедност на работа за секој работник !***

## ВОВЕД

**Стратегијата за безбедност и здравје при работа** се темели на фактот дека заштита на работа е едно од основните права загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, со кое се обезбедува чување и унапредување на здравјето на работниците, како предуслов за успешна работа и оптимална продуктивност во работењето.

**Стратегијата за безбедност и здравје при работа за период од 2021 до 2025 година е национална програма која ја донесува Владата на Република Северна Македонија, врз основа на членот 4 од Законот за безбедност и здравје при работа** („Службен весник на Република Македонија", бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.18/20). Оваа обврска е содржана и во Конвенцијата бр.155 (чл. 4) на Меѓународната Организација на трудот (МОТ) како и во директивите на Европската Унија (ЕУ). Стратегијата за БЗР 2021-2025 претставува програмска определба на Владата за подобрување на безбедноста и здравјето на работа на работниците во Република Северна Македонија, а визијата, целите и приоритетите содржани во Стратегијата ги дефинираат подрачјата на делување во наредниот петгодишен период.

Стратегијата за БЗР на сеопфатен начин ја утврдува состојбата во областа на безбедноста и здравјето при работа во земјата и ги дефинира мерките кои треба да се превземат за нејзиниот развој. Со Стратегијата се одредуваат активности и цели како и стратешки мерки за унапредување и развој на безбедноста и здравјето при работа, со што се поттикнува економски раст, се стимулира вработувањето и се подобруваат состојбите на пазарот на трудот во државата.

Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2021-2025, се надоврзува на претходните стратешки документи во областа на безбедност и здравје при работа во Република Северна Македонија, како што се Стратегија за безбедност и здравје при работа 2020 со Акцискиот план 2020, Стратегија за БЗР 2011-2015 година со Акциските планови за 2011-2012, 2013-2014 и за 2015 година, како и Стратегија за здравје, здрава животна и работна средина и безбедност на работа во Република Македонија 2006-2010 година. Со овој стратешки документ се обезбедува континуитет во стратешкиот и координиран пристап насочен кон развој на системот на безбедност и здравје при работа во нашата земја.

Оваа стратегија треба да обезбеди понатамошен план на делување во областа на безбедноста и здравјето при работа, преку интер-секторски активности, водени од Министерство за труд и социјална политика, во соработка со Државниот инспекторат за труд, со поддршка на Министерство за здравство и преку социјален дијалог и развој на партнерства со претставници на работниците, работодавачите и нивните организации, како и експертската и професионална заедница. Со Стратегијата во наредниот период, треба да се посочат и дефинираат националните политики и планови за имплементација на стратешките цели на ЕУ, Светската здравствена организација (СЗО) и Меѓународната организација на трудот (МОТ) во оваа област и да се создадат соодветни механизми и законски рамки за нивна имплементација, мониторинг и евалуација.

**Пандемијата на Ковид-19** со која се соочивме од почетокот на 2020 година и која предизвика развој на глобална криза, го покажа круцијалното значење на заштитата и грижата за здравјето на работниците и безбедноста на работните места. Новата стратешка рамка за БЗР 2021-2027 на Европската унија недвосмислено ја потврдува и истакнува важноста на одржувањето и подобрувањето на високите здравствени и безбедносни стандарди за работниците - во светло на новите услови, новите опасности и ризици и ќе помогне во подготовка на одговорот на новите кризи и закани.

Со новата Стратегија, според ЕУ насоките, стратешкиот пристап е потребно да обезбеди постепено преминување од итни мерки во мерки кои можат да придонесат за обновување. Инвестициите во човечки ресурси се од суштинско значење за да се олесни трансферот на „стандардната работа" во работа во зелениот и дигитален сектор и да се поддржи преструктуирањето во секторите кои се најмногу погодени од пандемијата.

**Стратешката рамка на Европската унија за безбедност и здравје при работа** за претстојниот седумгодишен период - од 2021 до 2027 година[1] (*EU Strategic framework on health and safety at work 2021-2027*), усвоена и објавена кон крајот на јуни 2021 година е, меѓу другото и главна водилка и инспирација при подготовката на овој национален стратешки документ, секако земајќи го предвид, пред сè националниот контекст и приликите, приоритетите и предизвиците со кои ние се соочуваме во областа на БЗР. Стратешката рамка за БЗР на Унијата, насловена „Безбедност и здравје при работа во светот на работата кој се менува" („*Occupational safety and health in a changing world of work*") е насочена кон унапредување на здравјето и безбедноста на работниците, земајќи ги при тоа во предвид брзите промени кои се случуваат во стопанството, демографијата, во начините и формите на работа.
Како клучни три приоритетни цели за наредниот седумгодишен период, оваа БЗР стратешка рамка на ЕУ ги утврдува:

- предвидување и управување со **промените** во светот на работата кои со себе ги носат зелените, дигиталните и демографските транзиции;
- унапредувањето на **превенцијата** на несреќи и заболувања поврзани со работата и работното место;
- зголемување на **подготвеноста** за потенцијални идни здравствени кризи.

Некои од инструментите кои се потенцираат како клучни за успешна имплементација на наведените европски стратешки приоритети во делот на БЗР, помеѓу останатото се секако силниот и ефикасен **социјален дијалог**, подобрувањето на достапноста и употребата на **податоците, евиденциите и информациите** во делот на БЗР, како предуслов за креирање на релевантни политики и носење на вистински одлуки поврзани со превенцијата на несреќи при работа и професионални болести, потоа **подигнувањето на свеста** и **јакнењето на капацитетите**, обезбедувањето на **финансирање** од различни извори итн.

Наведените цели, принципи и инструменти, утврдени на ниво на Европската унија, можат да се препознаат и низ деловите и содржината на оваа Стратегија за БЗР 2021-2025.

[1] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A52021DC0323&qid=1626089672913#PP1Contents

## Методологија

**Во приготвувањето и изработката на Стратегијата за БЗР 2021-2025 користена е дескриптивно-аналитичка метода** која се реализира преку неколку клучни фази: собирање на податоци од интерес, анализа и синтеза на добиените податоци, подготовка и пишување на драфт верзија на документот, јавна презентација на нацрт-Стратегијата[2], обезбедување на реакции и коментари *(feedback)*[3] од претставници на клучните партнери во областа на БЗР, интегрирање на добиените сугестии, коментари и забелешки во документот и доставување на предлог-Стратегијата за БЗР 2021-2025 до Владата на Република Северна Македонија на разгледување и усвојување. Процесот на изготвување на Стратегијата го координира Министерството за труд и социјална политика.

Покрај тоа што социјалните партнери беа консултирани и дадоа свој придонес уште во фазата на подготовка, целосниот подготвен предлог-текст на Стратегијата за БЗР 2021-2025, заедно со Акцискиот план за БЗР за периодот 2021-2023, беше разгледан, дискутиран и едногласно усвоен на 15-тата седница на Економско социјалниот совет (ЕСС) која се одржа на 25 ноември 2021 година.

### *Собирање на податоци*

***Методите кои беа користени за собирање податоци вклучуваат „деск анализа“ - преглед на документи (законски, регулаторни акти, постоечки политики на меѓународно и национално ниво); преглед на литературата; евалуација на податоците добиени од извештаи, анкети, користење на прашалници, интервјуа и др.***

- **„Деск анализа“ на постоечките легислативни документи од доменот на БЗР**

**Меѓународни документи** на кои се базира Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020 се:

- Ратификувани Конвенции на МОТ: Конвенцијата бр.81 (1947год.), Конвенцијата на бр.155 (1981год.), Конвенцијата бр.161 (1985год.), Конвенцијата бр.167 (1988 год.), Конвенцијата бр.187 (2006 год.) и други;
- Здравје и безбедност на работа - ЕУ Стратешка рамка 2021-2027 (Health & Safety at Work – EU Strategic Framework 2021-2027);
- Национални стратегии во областа на БЗР во ЕУ – Збирен Извештај на Европската агенција за БЗР (National strategies in the field of OSH in the EU - Report. European Agency for Safety and Health at Work – EU-OSHA, 2019);
- Европскиот столб на социјални права (*The European Pillar of Social Rights*) од 2017 год. (принцип бр.10 е и правото на „здрава, безбедна и соодветно-прилагодена работна средина“) и Европски столб на социјални права - Акциски план до 2030, (*The European Pillar of Social Rights Action Plan 2030), 2021;*
- Агенда за одржлив развој на Обединети нации 2030, со дефинирани 17 цели за одржлив развој (Agenda for Sustainable Development 2030) (ЦОР бр.8) (United Nations, 2015);
- Европска програма за работа на СЗО, Заедничка акција за подобро здравје во Европа 2020-2025 (WHO European Program of Work, United Action for Better Health in Europe, 2020-2025);

[2] На 23.9.20211 год. на веб-страната на МТСП се објавени нацрт-текстовите на Стратегијата за БЗР 2021-2025 и Акцискиот план за БЗР 2021-2023, со јавен повик до сите засегнати страни за консултации и доставување мислење (https://bit.ly/3BHv4dR). На 5.10.2021 се одржа и јавна презентација и расправа за нацрт-текстовите на новата Стратегија и Акциски план за БЗР (https://bit.ly/3k1hwUB).

[3] По јавната расправа и консултации, коментари, мислења и забелешки по нацрт-текстовите на Стратегијата и Акцискиот план за БЗР се добиени од: ССК, ОРМ, ИМТ, ДИТ, ТУТ.

- СЗО - Превенција на болест преку поздраво и побезбедно работно место (WHO Preventing Disease through a Healthier and Safer Workplace, 2018);
- Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија, во делот на БЗР (поглавје 3.19), април 2018 година; мај 2019 година; октомври 2020 година.

**Национално законодавство** во областа на безбедност и здравје при работа, кое претставува база за стратешката рамка во системот на БЗР, вклучува повеќе законски прописи, како Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за здравствена заштита, Законот за здравствено осигурување, Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Законот за работни односи, Законот за инспекција на трудот, како и голем број подзаконски акти релевантни за областа.

- **Преглед на литература** за добивање податоци за примери на добра пракса (преку бази на податоци) - усвоени стратешки документи во областа на БЗР од страна на земји во регионот, Европа и во светот.
- **Информација за реализирани активности, за период 2017-2020 година, согласно приоритетите од Стратегијата и Акцискиот план за БЗР 2020,** подготвена од Националниот совет за БЗР, со поддршка на Министерство за труд и социјална политика.
- **Податоци од Прашалникот за евалуација на Стратегијата и Акцискиот план за БЗР 2020**, дистрибуиран до репрезентативни претставници на клучните партнери - "*key informant approach*" (организација на работодавачите, синдикатот, професионални асоцијации на стручни лица по безбедност при работа и на доктори-специјалисти по медицина на трудот, универзитетите, Владата, т.е. Министерство за труд и социјална политика, Државен инспекторат за труд).

*По извршената анализа и синтеза, добиените податоци се интегрирани, интерпретирани и преточени во нацрт верзија на Стратегија за БЗР 2021-2025.*



# 1. ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКАТА СОСТОЈБА И РЕАЛИЗИРАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

Во периодот на спроведување на Стратегијата за БЗР 2020, согласно Акцискиот план за период од 2017 до 2020 година, се продолжи со процесот на усогласување на националното законодавство со ЕУ директивите и реализација на основната стратешка цел на поставување на широка платформа за интер-секторски и колаборативен пристап во реализација на планираните активности за подобрување на состојбите во областа на безбедност и здравје при работа. Работејќи по принципот на вклученост на сите чинители во областа на БЗР: претставници на надлежните државни институции, научни, образовни, здравствени институции, организации на работодавачи, организации на работници, релевантни организации на стручни лица по безбедност при работа и доктори по медицина на труд, реализираните активности во изминатиот период беа насочени кон поддршка во реализација на 10-те утврдени национални приоритети (слика 1)




***Сл. 1*** *Национални приоритети утврдени во Стратегијата за БЗР 2020*

Прегледот и анализата на постоечката состојба се направени врз основа на достапни податоци и информации од релевантните чинители во областа на БЗР, институции, стручни здруженија, синдикати, организација на работодавачи и др.

**Стабилната национална политика и добра регулаторна рамка**, несомнено претставуваат основа за спроведување на ефикасна и ефективна стратегија за безбедни и здрави работни места. Во однос на овој приоритет во изминатиов период се реализирани повеќе активности со цел ревидирање и унапредување на содржината на веќе постоечки подзаконски акти во насока на подобра имплементација на одредбите на Закон за безбедност и здравје при работа и нивно усогласување со соодветни директиви: Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на бремени работнички, работнички кои неодамна се породиле или дојат („Службен весник на Република Македонија“ бр.197/17), Правилник за знаци за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.107/19), Правилник за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.173/20), Правилник за начинот на водење на евиденција за изречените опомени („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/20) и Правилник за формата и содржината на уверението за положен стручен

испит за стручно лице за безбедност при работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/21).

Во рамките на отпочнатиот процес на анализа и унапредување на законската рамка за безбедност и здравје при работа, т.е. Законот за безбедност и здравје при работа, реализирани се низа консултативни работни средби, дебати и работилници, во организација на релевантните чинители во областа на БЗР (државни институции и органи, МОТ, Советот за БЗР, претставници на социјални партнери, стопански комори, стручни здруженија, универзитетски професори и експерти од областа и други), со цел да се обезбеди широка партиципативност и транспарентност во идентификацијата на недостатоците и слабостите во неговата досегашна примена.

Процесот на ревидирање на Законот за безбедност и здравје при работа и анализите и дебатите поврзани со неговата 12-годишна имплементација, резултираа со голем број на согледувања, мислења и конкретни предлози, како и изготвена анализа и оценка за усогласеноста на македонската законска рамка за безбедност и здравје при работа со меѓународните стандарди (Студија изработена со поддршка на МОТ). Генерален заклучок кој произлезе како резултат на анализите, дебатите и дискусиите во рамките на овој широк консултативен процес со сите засегнати страни и релевантни субјекти од областа, е дека посточката законска рамка, т.е. Законот за БРЗ донесен во 2007 година, е добар, обезбедува високо ниво на усогласеност со меѓународните стандарди, пред сè стандардите на Европската унија и МОТ и истиот соодветно ги воспоставува и утврдува клучните права, обврски и „правила на игра“ во делот на безбедноста и здравјето во државата. Сепак, констатирано е и дека повеќегодишната пракса покажува дека постојат повеќе области каде што е потребно подобро и попрецизно законско регулирање, за уште повеќе да се подобри и унапреди практичната имплементацијата и спроведување на одредбите. Такви се на пример областите поврзани со улогата и надлежностите на различните институции и субјекти, потоа потребата од доуредување и допрецизирање на прашањата околу стручните лица за безбедност при работа и нивните надлежности, околу изготвувањето и калитетот на процените на ризик, квалитетот на услугите од областа на медицина на труд и други.

Имајќи ги во предвид обемот на дискутираните законски измени, неопходните дополнувања и допрецизирања, заеднички усогласен став на сите засегнати страни кој произлезе во рамки на консултациите е да се премине кон подговка на нов закон, пред сè со цел уште повеќе да се подобри неговата имплементација. Врз основа на реализираните дискусии и консултации, на почетокот на 2021 година, со експертска поддршка е изготвена првична нацрт-верзија на нов Предлог-закон за БЗР и истиот е во фаза на подготовка за јавна расправа и понатамошни консултации и усогласувања.

**Унапредувањето и развојот на административните капацитети и човечки ресурси** во областа на БЗР е реализирано преку серија обуки, работилници и конференции, наменети за различни релевантни субјекти во областа, како менаџери, инспектори, стручни лица за БР, претставници на работниците за БЗР, доктори по медицина на труд, во организација на стручните здруженија, ОРМ, МТСП, Советот за БЗР, ССМ, МОТ и др.
Во функција на јакнење на административните капацитети, од почетокот на 2019 година во рамките на Министерството за труд и социјална политика, во Секторот за политики од областа на трудово право и политики за вработување, реализирани се и нови вработувања на службеници со работни задачи од областа на безбедност и здравје при работа.
Во изминатиот период зголемени се ресурсите на ДИТ со прием на нови инспектори, додека во периодот 2015/2017 со поддршка од ЕУ (ИПА) значително се зајакнати и техничките капацитети на Инспекторатот. Од март 2020 година до денес, работата на инспекторите е насочена и кон спроведување на уредбите, мерките, одлуките и препораките на Владата на Република Северна Македонија за справување со пандемијата од Ковид-19, како и надзор врз примената на Законот за заштита на населението од заразни болести, со кои се зголемија ингеренциите на инспекторите за труд.
Во однос на јакнење на социјалниот дијалог и учество на работниците во носењето решенија и одлуки од значење за БЗР во претпријатијата и установите, во фокусот се ставени колективните

договори со цел да се поттикне и поддржи ефективно имплементирање на одредбите за безбедност и здравје при работа во колективните договори во државата и нивна активна примена во работниот процес. Реализирани се обуки и конференција на кои учествуваа претставници на државни институции, социјални партнери, ДИТ, претставници од научни институции и граѓанскиот сектор.
Стручните лица за безбедност при работа, како основни носители на системите за БЗР, а во насока на зајакнување на сопствените капацитети, преку своите стручни здруженија во изминатиот период организираа серија обуки, работилници и конференции на различни теми од значење за надоградување на знаењето и вештините во областа на БЗР. Стручното усовршување и континуирана едукација стручните лица за БР ги реализираа преку студиски посети во Холандија, Франција, Италија, Германија, Шпанија, Унгарија и др. со цел размена на искуства и примери на добра пракса. Овие студиски посети силно допринесоа стекнатите познавања и искуства да се искористат во насока на подобрување на соработката помеѓу организациите, институциите и професионалците за БЗР преку заеднички пристап кон унапредување на системите за БЗР во нашата земја.
Претставниците за БЗР од редот на вработените и нивната улога во системите за БЗР, беа опфатени преку обуки и конференција за функционирањето на бипартитниот дијалог за БЗР во компаниите на кои присуствуваа социјални партнери, граѓански организации, работодавачи, синдикални организации, претставници на работниците, стручни лица по безбедност при работа, образовни институции, медиуми, претставници од релевантни сектори и други засегнати чинители. Основната цел на овие обуки беше да се развие и унапреди бипартитниот дијалог за безбедност и здравје при работа во компаниите и потенцира улогата и значењето на претставникот на работниците за БЗР.

Во насока на подигање на свеста за значењето на БЗР кај сите чинители во областа, клучна улога има **образованието и континуираната едукација** на сите нивоа. Во изминатиот период се организирани семинари и обуки реализирани од страна на различни субјекти, како ОРМ, ССМ (Синдикатот за индустрија, енергетика и рударство СИЕР, Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија, СГИП и др.), Стопанската комора на РМ, заедно со стручните здруженија за БР, факултетите, МТСП, Советот за БЗР, Институтот за медицина на труд на Република Северна Македонија и други. Темите обработуваат суштински проблеми во насока на подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа, јакнење на капацитетите на работодавачите преку имплементирање на системот на БЗР преку колективните договори, превенција и заштита од различни ризици (работа на височина, работа со опасни супстанци, опасен отпад, неергономски услови на работа, работа во рудници и др.).
Дел од обуките и семинарите во изминатиот период беа реализирани со сопствени средства од страна на организаторите, самостојно или во рамки на меѓусебни соработки и партнерства, а дел беа организирани со поддршка од донатори или во рамките на одредени проектни активности финансирани од ЕУ (како на пример проектите за *Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како поддршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ; Колективните договори – клуч за успешен систем на БЗР; Со стратешки пристап до подобра безбедност и здравје при работа; Зајакнување на капацитетите и внатрешното управување за спроведување на активностите за безбедност и здравје при работа и прилагодување спрема европските прописи*).

Покрај организираните обуки, семинари, работилници, конференции, тркалезни маси и дебати на различни теми и целни групи, посветени на прашања од областа на безбедност и здравје при работа и начини на успешна имплементацијата на системите за БЗР, во изминатиот период реализирани се и повеќе медиумски кампањи и промотивни активности за подигнување на свеста кај пошироката јавност, со фокус на работниците и работодавачите за улогата, потребата и значењето на безбедни и здрави работни места. Во текот на изминатите две години се реализираа и бројни едукативни и настани за подигнување на свеста, поврзани со пандемијата на Ковид-19 и импликациите врз безбедноста и здравјето на работниците, начините на превенција и заштита итн.

Во сферата на образованието треба да се нагласи улогата на високо-образовните институции во делот на формално образование кои продуцираат кадри, стручно и професионално оспособени да одговорат на барањата на исклучително комплексната улога на стручното лице за безбедност при работа. Заложбите се во насока на поставување на стручното лице за безбедност при работа на професионална основа со можност за негова постојана надоградба во делот на неформално образование. Преку Катедрата за медицина на трудот на Медицинскиот факултет, се вклучени основните принципи на БЗР во содржината на наставни предмети од областа, во сите додипломски студиски програми на Медицинскиот факултет при УКИМ. Во неформалното образование, значајна е улогата на здруженијата во областа на безбедност при работа кои реализираат низа обуки преку организација на конференции, семинари, работилници, дебати и сл. на различни теми од областа.

Потребно е да се истакне и дека со воведувањето на дуалните паралелки во одредени средни училишта, во нивните едукативни програми е воведен и предмет за безбедност и здравје при работа. Во насока на развој на култура на превенција кај младите, организирани се посети и дебати во градинките, основните и средни училишта, а со цел подигнување на свеста кај најмладите и учениците, како и поголемо промовирање на областа на безбедноста и здравјето при работа и нејзиното значење. Активностите се реализирани од стручните здруженија за БР.

**Советот за безбедност и здравје при работа** редовно одржува седници, на кои со учество на претставници на сите релевантни субјекти кои дејствуваат во областа на БЗР, се разгледуваат и дискутираат актуелни теми и прашања од областа, се утврдуваат заеднички и координирани активности, се даваат иницијативи, предлози и препораки. Работата на Советот за БЗР е регулирана согласно Деловникот за работа на Советот за БЗР. Како советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија, Советот има проактивна улога во навремено идентификување на слабости во политиките и системите за БЗР, сугерира и предлага решенија по прашања од областа.
Во насока на промовирање на значењето на БЗР, Советот секоја година заеднички со МТСП организира доделување на Национална награда за компанија со добра пракса во БЗР, во категории на мали, средни и големи компании. Оваа награда стана препознатлива вредност за компаниите кои силно инвестираат во системите за БЗР, преку воведување на напредни стратегии за развој и подобрување на безбедноста и здравјето на своите вработени. Советот континуирано ја следи реализацијата на активностите согласно Акцискиот план и Стратегијата за БЗР 2020 и активно учествува преку сите свои претставници во креирањето на политиките и законската рамка во областа на БЗР (измена на правилници, нови правилници, нов Закон за БЗР...). Покрај тоа, во насока на транспарентно работење, сите заклучоци од седниците на Советот за БЗР, релевантни документи, препораки, презентации по одредени кампањи, материјали од Европската агенција за БЗР, се поставуваат на веб-страната на Министерството за труд и социјална политика, во делот посветен на Советот за БЗР.

Последната 2020 година помина во знакот на светската пандемија на Ковид-19, па сите активности на Советот беа воглавно насочени кон креирање на препораки до работодавачите, работниците, стручните лица за БР, а во насока на организација на работата при што ќе се почитуваат мерките за заштита од зараза и ќе се одржи безбедноста на работните места. Делувајќи проактивно, Советот предложи ревидирање на донесениот Правилник за листата на професионални болести (во делот на инфективни заболувања предизвикани од коронавирус Ковид-19) со предлог, на листата да се внесат и работни места за кои што ќе се докаже причинско последична врска за можна зараза. Покрај тоа, Советот изнесе реакција на непризнавањето на трошоците на работодавачите кои за заштита на работниците извршиле нивно тестирање на Ковид-19, и достави допис до Министерството за финансии и управата за јавни приходи во кој се изнесе ставот на Советот дека ваквите трошоци на компаниите за тестирање на работниците на Ковид-19 мора да бидат признаени.
Во насока на подобрување на услугите од областа на БЗР од страна на овластените институции, стручни лица за БР и доктори по медицина на труд, Советот иницираше и подготви препораки до работодавачите, како водич за успешна имплементација, одржување и развој на системите за БЗР во компаниите.

Во рамките на приоритетот **Здравствена заштита на работниците** реализирани се голем број активности согласно Акцискиот план за БЗР 2020. На барање на Министерство за здравство, Институт за медицина на трудот на РСМ, како координатор на Мрежата за медицината на трудот, направи анализа и подготви извештај за состојбата на здравствена заштита на работниците, со посебен осврт на системот и организацијата на дејноста медицина на трудот во рамките на националниот здравствен систем. Извештајот ја потенцираше потребата за изработка на стандарди и нормативи за организација и работа на службите за медицина на трудот, како и развој и примена на критериуми за евалуација, следење и контрола на квалитетот на услугите од областа на медицината на трудот.
Согласно актуелните политики на СЗО, со цел за зголемување на покриеноста и подобрување на квалитетот на услугите на службите за медицина на трудот, изработена е рамка на предлог активности, со посебен фокус на недоволно покриените ранливи групи, презентирана на при одбележувањето на Светскиот ден на здравјето - 7 април. Во таа насока, беа спроведени активности со следење на здравствена состојба и оценка на работна спосособност на ранливите групи работници (земјоделци, невработени), преку јавно здравствени интервенции, во рамките на годишни превентивни програми на Министерство за здравство.

Во однос на спроведување на епидемиолошки и клинички истражувања за утврдување на зачестеноста на професионалните алергиски болести кај експонираните групи работници од одделни дејности, спроведени се истражувања кај земјоделски работници, хигиеничари, здравствени работници и сл. Врз основа на подготвената Национална програма за елиминација на болести предизвикани од азбест (БПА) во Република Северна Македонија, развиена е скрининг методологија за следење на БПА кај работници во услови на актуелна и претходна професионална изложеност, по што е спроведено и пилот истражување, со изработени и усвоени препораки и мерки за превенција на ефектите од изложеноста на азбест. Реализирани се повеќе едукативни настани, а организирана е и кампања за штетните ефекти на азбестот врз здравјето на изложените лица во работната и животната средина.

Во однос на сегментот **Истражување и развој**, реализирани се низа истражувања со развиена методологија и спроведени клиничко-епидемиолошки студии на различни групи работници изложени на зголемени и/или нови ризици (ефекти на алкохол, наркотици и лекови; ефектите на психосоцијални фактори-насилство, стрес на работа кај здравствени работници; алергиски реакции на инсекти и влекачи кај работници кои што работат на отворено; ефекти од УВ зрачење; влијание на екстремни температури-студени и топлотни бранови, ефектите на загаден воздух; мускулоскелетни нарушувања поврзани со работата; професионални ризици и белодробното здравје кај пожарникарите), со подготвени препораки и мерки за превенција.

Како одговор на новонастанатите ризици поврзани со изложување на вирусот САРС-КоВ2 во рамките на Ковид-19 пандемијата, подготвени се и дисеминирани информации, протоколи, препораки за спроведување на мерки за заштита и превенција на работниците, во врска со Ковид-19, доставени до Националниот совет за БЗР, објавени на веб страниците на релевантните институции, организации и здруженија. Организирани се едукативни семинари, online вебинари за работодавачите и работниците - со фокус на здравствените работници, доктори специјалисти по медицина на трудот. Во рамките на СЗО Мрежата за здравјето на работниците во ЈИЕ, спроведено е истражување кај здравствените работници за употреба на лични заштитни средства како и студија за стрес на работа за време Ковид-19 пандемијата кај околу 4,500 испитаници од 10 земји од ЈИЕ.

Новонастанатите услови во кои почна многу позачестено и поинтензивно да се применува работа од дома и работа од далечина, а кои ги наметна пандемијата, несомнено резултираа со нови ризици кои беа вон претходно дефинираното работно место и средина. Машинскиот факултет реализираше истражување за условите и последиците од неергономско уредување на работното место при работа од дома на студентската популација и наставниот кадар. Како резултат од истражувањето произлезе Водич со препораки за ергономско уредување и организација на работата од дома.

Во делот на развој на **Култура на превенција** и промовирање на добра пракса за безбедност и здравје при работа, реализирани се голем број на активности, меѓу кои организирање на едукативни настани (обуки, дебати, предавања на гостувачки експерти од областа, конференции и сл.), списание за БЗР, подготовка на брошури, доделување на награди за најдобра пракса за БЗР, промотивни активности на социјални и телевизиски медиуми (МТСП, Совет за безбедност и здравје при работа, ИМТ, ИЈЗ, стручни здруженија, факултети).

Со цел одбележување на значајни датуми во областа на БЗР (Европска недела за БЗР, Светски ден за БЗР, Светски ден на здравјето, Денот на човековите права), промовирани се повеќе меѓународни кампањи во областа на безбедноста и здравјето при работа, преку соодветни обраќања и презентации, дистрибуирање на промотивен материјал и сл. (кампањите за здрави работни места „Управување со опасни супстанци на работно место" и „Олеснете го товарот" на Европската Агенција за безбедност и здравје при работа (EU-OSHA); кампања „Нема време за губење" на Институтот за безбедност и здравје при работа од Велика Британија, кампања „Мапа на канцерогените заболувања" на ТНО Институт од Холандија).

Активностите поврзани со **Превенција од професионални болести, болести во врска со работата и повреди на работа** се однесуваат на подготовка на тематски емисии поврзани со превенција на повреда на работа, учество во тематски емисии во медиумите, објава на информации на социјални медиуми, изготвување на истражувачки стории за превенција и намалување на повредите при работа, изготвување на соодветни промотивни материјали (брошури, флаери, летоци) и нивно дистрибуирање и промовирање, организирање на тематски обуки и работилници.

Во однос на **Индикаторите за БЗР**, нецелосно реализираните активности од Акцискиот план за БЗР 2020 резултираа со незначително подобрување во рамките на овој сегмент на системите за БЗР. Официјалните податоци за инциденцата и преваленцата на професионалните болести во Република Северна Македонија се сѐуште инсуфициентни, процесот на дијагностицирање, евиденција и регистрирање на професионалните болести е несоодветен, Регистарот на професионални болести е нефункционален, од што произлегува потребата за интензивно ангажирање за промени во наредниот период. Во однос на повредите на работа, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, објавува на својата web-страна, редовен годишен извештај со сите достапни податоци, нивна анализа, коментар и дадени препораки за подобрување на состојбата. Она што треба да се забележи, е дека сеуште постои голема разлика во евиденцијата на овие појави кои ги водат ДИТ и ИЈЗ, пред сѐ поради различниот законски пристап во евиденцијата на повредите. Евидентираните повреди и смртни случаи поради повреда при работа, дадени во Табела 1 несомнено укажуваат на фактот на неусогласеност и непостоење на интегриран систем за пријава на повредите при работа.

***Табела 1. Податоци за повреди и смртни случаи поради повреда при работа***

*А. Податоци за повреди при работа*

| Извор | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| **ИЈЗ** | *1,111* | *846* | *1,121* | *599* |
| **ДИТ** | *1,675* | *1,884* | *2,034* | *1,020* |

*Б. Податоци за смртни случаи на повреди при работа*

| Извор | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| **ИЈЗ** | *2* | *0* | *0* | *0* |
| **ДИТ** | *12* | *27* | *24* | *19* |

Развојот и воведувањето на интегриран **Информатички систем** за следење и пријавување на повредите на работа и професионалните болести, компатибилен на веќе воспоставениот интегриран здравствен информатички систем, сеуште не се реализирани, како би можеле да се креираат бази на податоци за здравствената состојба на работниците и добијат релевантни индикатори за состојбите во областа.

Покрај тоа, сеуште не е воспоставена единствена методологија за евиденција на повредите при работа и професионалните болести како и нивното усогласување со Европската методологијата за статистика за несреќи при работа *(Eupорean stastics on accidents at work - ESAW)*, односно Европската статистика за професионални болести *(European Occupational Diseases Statistics – EODS)*.

Во насока на користење на современи информатички алатки за континуирано подобрување на системите за БЗР, креирани се интерактивен модел со ергономски пристап за проценка на ризик и евалуација на системите за БЗР за работни места кои вклучуваат опасни хемиски супстанци, и модел за рангирање на нивото на успешност на имплементација на системите за безбедност и здравје при работа (Машински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје). Моделите се користат за добивање на реална слика за имплементираните мерки за превенција од ризици и претставуваат моќна алатка на стручните лица за БР во континуирано подобрување на системите за БЗР.

**Меѓународната соработка** во областа на БЗР е реализирана во рамките на меѓународни проекти, конференции и научни собири на различни актуелни теми од областа, во организација на стручните здруженија за безбедност при работа, факултетите и Колаборативниот центар на СЗО при ИМТ и соработка со МОТ, СЗО и Мрежата за здравјето на работниците во Југоисточна Европа. Остварените средби и учества претставуваат значаен придонес во размена на информации и мислења помеѓу релевантните институции, граѓанските организации, научната средина, експерти за безбедност и здравје при работа и медицината на трудот, претставници на компании и работници и социјални партнери.

Последната година измина целосно во знакот на светската пандемија на болеста Ковид-19 и сите напори, мерки и активности кои се спроведуваа и се спроведуваат се во насока на превенција и заштита на населението и стопанството и намалувањето на негативните последици и ефекти од оваа здравствена и економска криза. Во овие услови, особено се потенцираше важноста и улогата на безбедноста и здравјето при работа, како еден од најзначајните сегменти во ова време за превенција и заштита на населението и на нивните работни места. За таа цел беа изработени протоколи, процедури и препораки за безбедна работа во услови на пандемија за различни ранливи групи на работници, пред се здравствените работници, вработените во прехранбената, градежна, текстилна индустрија, јавниот превоз, образованието и др.
За обележување е исклучителната посветеност на сите чинители во областа на БЗР за одржување на ефикасноста и подобрување на системите за БЗР со цел справување со новонастанатите услови на пандемијата од Ковид-19 и подобрување на севкупната функционалност на системите.



## 2. ВИЗИЈА И МИСИЈА

Јадрото на Стратегијата за БЗР се визијата, мисијата, целите и приоритетите. Тие заедно ја сочинуваат стратешката рамка за акција.

### Визија

***Визија на Стратегијата за БЗР 2021-2025 е постојана, заедничка работа на сите клучни партнери во системот на безбедност и здравје при работа, на обезбедување на подобро здравје и поголема безбедност на работа за секој работник во Република Северна Македонија!***

Визијата на Стратегијата ја трасира стратешката цел и насока на делување во период од 2021 до 2025, насочена кон остварување на долгорочните приоритети на оваа Стратегија.

Остварувањето на визијата на Стратегијата, потврдува правилно насочување на напорите при работа кон вистински цели. Стратегијата треба да придонесе кон унапредување на безбедноста и здравјето при работа, со ставање на **работникот во центарот на системите за БЗР**. Основна цел на системите за безбедност и здравје при работа е отстранување, намалување или спречување на ризиците со унапредување и одржување на највисок степен на физичкото и менталното здравје, како и социјална благосостојба на вработените на сите работни места, во сите сектори и дејности. Во таа насока, прилагодувањето на работата, работните услови и работната средина кон секој работник и неговите физиолошки и психолошки способности и капацитети, но и прилагодување на работникот кон неговата работа, има исклучително важна улога.



Пораките на Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2021-2025 се прикажани на слика 2.1.

- **За работниците да бидат здрави и безбедни на работа потребно е ...**
- **За работодавачите соодветно и ефикасно да управуваат со ризиците потребно е ...**
- **За секој да ги разбере јасно своите одговорности потребно е ...**




***Сл.2*** *Пораки на Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2021-2025*
**- *„Работникот во центарот на системите за БЗР“* -**

## Мисија

***Мисија подразбира воспоставување и унапредување на системите за БЗР со што ќе се овозможат безбедни услови при работа со превенција и намалување на повреди на работа, професионални болести и болести во врска со работата, со крајна цел подобро здравје на работа и подобар квалитет на животот на работниците.***

Мисијата насочува кон создавање и обезбедување здрави и безбедни работни места, со посебен фокус на високо ризични сектори (рударство, градежништво, преработувачка индустрија, земјоделство, здравство и др.) и ранливи групи работници (жени-бремени, млади работници, работници во понапредната возраст, лица со попреченост или лица со инвалидност), а особено во малите и средни претпријатија. Мисијата го поттикнува континуираното подобрување на квалитетот на проценката на ризик и имплементацијата на системите за БЗР.

Сите клучни партнери - работодавачи, работници, професионалци од областа на безбедност и здравје при работа, претставници на синдикати, организации на работодавачи, владини агенции, инспекциски служби, релевантни министерства, универзитетите, мора да бидат вклучени во остварувањето на визијата и мисијата на Стратегијата за БЗР 2021-2025.

Секој од клучните партнери има своја улога и одговорност во реализација на активностите насочени кон спроведување на стратешките цели. Сепак, Стратегијата е заедничка обврска, што значи заедничка посветеност на целите и приоритетите на ниво на претпријатие, сектор или дејност, заедница, како и во целото општество (слика 2.2).




***Сл.3*** *„Секој има своја улога!“*

Следниот чекор е претворање на Визијата во Стратегија на акција. Владата, секторите, деловните субјекти и заедниците ќе преземат чекори за усогласување на нивната работа поврзана со безбедноста и здравјето при работа со приоритетите на оваа Стратегија.

Напредокот кон визијата ќе биде направен преку збир на резултати кои треба да се постигнат до 2023 година со реализација на планираните активности во повеќе различни акциони области, претставени во **Акцискиот план за БЗР 2021-23**, како и следниот Акциски план кој ќе биде подготвен за периодот на важност на оваа Стратегија, т.е. за 2024-2025 година.



# 3. СТРАТЕШКИ НАСОКИ, ВРЕДНОСТИ, ИНСТРУМЕНТИ И ПРИНЦИПИ НА ДЕЛУВАЊЕ

## 3.1 Стратешки насоки

**Стратегијата за безбедност и здравје при работа (БЗР) 2021-2025 :**

– дава стратешка насока за Република Северна Македонија која треба да обезбеди визија за тоа каде сакаме да одиме и што треба да направиме за да ја постигнеме целта - подобро здравје и поголема безбедност на работните места;

– ги идентификува критичните точки и слабости, но и посочува можности на кој начин, преку дефинирани цели и приоритети, да ги насочиме нашите напори во реализација на поставените цели;

– ја поддржува подобрата координација и интерсекторска соработка, обезбедувајќи подобра видливост на различни улоги на клучните партнери во подобрување на системите за БЗР;

– ја подобрува мерливоста и оценката на параметрите (индикаторите) на системите за безбедност и здравје на работа, обезбедувајќи пореална и попрецизна слика за напредокот кон остварувањето на целите и приоритетите на Стратегијата;

– укажува на клучните подрачја и критичните точки во системите за безбедност и здравје при работа на кои треба најмногу да се работи, со цел да се обезбеди прогрес во областа на БЗР на секое ниво и во секој сектор;

– ја истакнува потребата за интензивен динамички процес на промени, иновирања, делувања, во насока на континуирано подобрување и постојан развој на системите за безбедност и здравје при работа, како и нивно прилагодување кон европските норми, директиви и пракси, како и кон актуелните општествено-економски услови во Република Северна Македонија.

## 3.2 Вредности на стратегијата

Додека визијата и мисијата ја дефинираат содржината и предметот на делување на Стратегијата, вредностите на овој документ го утврдуваат начинот на работа:

**Релевантност**
Неопходно е активностите зацртани во Стратегијата да бидат релевантни за најгорливите и приоритетни потреби во областа на БЗР во нашата држава, но и да придонесуваат кон реализација и на пошироките цели и политики на ЕУ;

**Трипартитност и социјален дијалог**
Трипартитноста (Влада – Работодавачи - Работници) и социјалниот дијалог треба да бидат главен начин и камен темелник во спроведување на оваа Стратегија;

**Партнерство**
Заедничкиот пристап и акција на сите клучни партнери во спроведување на Стратегијата (интерсекторски, интердисциплинарно) се задолжителен предуслов за остварување на посакуваните резултати;

**Веродостојност**

Во спроведување на Стратегијата, обезбедувањето на квалитет во работата, со веродостојни, проверени податоци, претставува клучен услов за успех;

**Одзив и иновативност**

Брз и ефикасен одговор на новите случувања во областа на безбедност и здравје при работа и иновативност во нивното решавање;

**Ефикасно управување и одговорност**

Стратегијата го истакнува големото значење на отчетноста и транспарентноста во работата на сите клучни партнери и ефикасноста во користењето на човечките и финансиските ресурси.

## 3.3 Инструменти

Главните инструменти за поддршка на визијата и имплементација на Стратегијата во заедницата се следниве:

- ***Лидерство од страна на Владата;***
- ***Култура на превенција на работното место;***
- ***Лидерство во економијата и ангажирање на заедницата;***
- ***Унапредување на социјалниот дијалог и колективното договарање;***

Стратегијата ги определува целите за акција во наредниот период, за кои се проценува дека би можеле да имаат потенцијално најголем позитивен ефект врз очекуваните резултати.

Стратешката рамка ги охрабрува клучните партнери да работат заедно на реализација и остварување на заедничките приоритети.

## 3.4 Стратешки принципи на делување

Визијата и мисијата на Стратегијата можат да се постигнат практикувајќи стратешки принципи на делување во насока на реализација на поставените цели. Сите чинители во областа на БЗР, кои работат на креирање на безбедна и здрава работна средина, да го почитуваат основниот принцип на превентивно делување, како предуслов за развој на култура на превенција и почитување на правото за безбедно и здраво работно место на сите нивоа.

**Принцип на превенција** значи посветено делување во насока на имплементација на системи за БЗР со превенирање на сите ризици до прифатливо ниво и обезбедување на услови за безбедна работа, со што ќе се елиминираат појави на повреди, професионални болести или болести во врска со работата.

**Принцип на промоција** зголемување на свесноста на заедницата и општеството за важноста на примена на мерките за безбедноста и здравје при работа со промотивни активности.

**Принцип на вклученост** особено е важен за комплексни области, каква што е областа на безбедност и здравје при работа. Со активно учество на сите чинители во системот на БЗР може да се постигне подобрување во сите сегменти од областа. Тоа значи вклучување на работниците, работодавачите, стручните лица, државните органи и институции, претставниците на работниците за БЗР, синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат во претпријатијата и компаниите или претставник на работниците доколку не е формиран синдикат во претпријатијата и компаниите, организации на работници и работодавачите, служби за медицина на трудот, професионални асоцијации, универзитети и научни институции.

**Принцип на заедништво** потребни се заеднички заложби и соработка на сите заинтересирани страни, работодавачи и работници, ресорни министерства и државни институции, стручни лица за БР и доктори по медицина на труд, синдикати, стручни здруженија, преку акција низ партнерство, со цел постигнување на стратешките приоритети и подобрување на состојбите.

**Принцип на посветеност и професионалност** само со посветена работа и професионален пристап, сите чинители во областа на БЗР, секој во својот домен, може да се постигнат успешни резултати кои ќе гарантираат безбедни и здрави работни места.

**Принцип на реализација и развој** сите активности поврзани со областа на безбедноста и здравјето при работа се базираат на рационалниот пристап во работењето преку примена на политики за БЗР, согласно актуелните состојби и можноста за нивна реализација, додека развојната компонента ќе придонесе за континуирано подобрување во сите сфери на областа.



# 4. СТРАТЕШКА ЦЕЛ И ПРИОРИТЕТИ

***Целта на Стратегијата е воспоставување стратешка рамка за делување на сите клучни партнери во областа на безбедност и здравје при работа, во рамките на еден интегративен, интерсекторски и мултидисциплинарен процес на сите нивоа и во сите сегменти на општествена заедница, преку планирани акции и интервенции, со мерките за ефикасна превенција, да обезбеди подобрување на безбедноста и здравјето при работа за секој работник на секое работно место во Република Северна Македонија.***

**Акцискиот план за безбедност и здравје при работа за период 2021-2023** има за задача да постави, спроведе и следи реализација на голем број активности во рамки на утврдените стратешки приоритети од Стратегијата за БЗР 2021-2025, насочени кон унапредување и зајакнување на системите за безбедност и здравје при работа преку комплексен, интерсекторски процес во кој ќе учествуваат сите клучни партнери во областа.

## 4.1 Стратешки приоритети

Ефикасното и ефективно управување со системите за БЗР претставува основа за одржување, развој и унапредување на истите со цел креирање на безбедни и здрави работни места, отстранување, намалување и спречување на ризиците и можните повреди, професионални болести и болести во врска со работата. Насоките за подобрување и унапредување на системите за БЗР во периодот до 2025 година, се фокусираат на три основни стратешки приоритети:

1) ***Јакнење и унапредување на законска рамка во БЗР;***

2) ***Јакнење и унапредување на организациските капацитети и човечки ресурси, и***

3) ***Јакнење и унапредување на способноста за одговор на системите на БЗР на постоечки и новонастанати ризици.***




***Сл.4 Стратешки приоритети за делување***

### 4.1.1. Јакнење и унапредување на законска рамка во областа на БЗР

Јакнењето и унапредување на законската рамка во областа на БЗР во Република Северна Македонија (потранспарентна, појасна, поефикасна легислатива, без намалување на нивото на заштита на работниците), со усогласување на националната законска регулатива со директивите на Европската унија, ревизија или донесување нови законски решенија или стратешки документи во областа на БЗР, водејќи грижа за соодветна и ефикасна имплементација на легислативата во пракса, останува да биде и понатаму императив за акција со уште позасилено континуирано темпо.

Во рамките на овој приоритет се вклучени:

- Донесување нов Закон за безбедност и здравје при работа;
- Ревизија на постоечки или донесување нови подзаконски акти - правилници, во областа на БЗР, усогласени со ЕУ директивите и позитивната меѓународна пракса;
- Ревизија на постоечка или донесување нова специфична регулатива од интерес за БЗР (Правилник за безбедност и здравје при употреба на опрема за работа, Правилник за полагање на стручен испит за безбедност при работа, Правилник за Листа на професионални болести; Листа на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, Посебно осигурување од повреди на работа и професионални болести поради компензаторна цел итн.);
- Усогласување на легислативата во делот на методологијата на регистрирањето и евиденцијата на повредите при работа и професионалните болести со ЕУ методологијата и легислативата (*Euporean stastics on accidents at work – ESAW* и *European occupational diseases statistics- EODS*); подобрување на собирањето, квалитетот и достапноста на статистичките податоци во рамките на информатичките системи во областа на БЗР.

### 4.1.2 Јакнење и унапредување на организациските капацитети и човечки ресурси

Есенцијален услов за ефикасно и ефективно функционирање на системите за безбедност и здравје при работа е континуираното унапредување и зајакнување на административните и институционални капацитети и човечките ресурси во доменот на безбедноста и здравјето при работа. Тие се основни и клучни елементи преку кои се остваруваат сите активности, преку кои се обезбедува спроведување на сите задачи и обврски и преку кои се креирааат и реализираат акции во областа на БЗР. Една од основните мерки за постигнување на овие цели е јакнење и унапредување на социјалниот дијалог во делот на БЗР помеѓу социјалните партнери (репрезентативните организации на работодавачи и работници) и владата.

Во рамките на овој стратешки приоритет се издвојуваат повеќе целни точки:

***<u>Инспекциски органи</u>*** - јакнење на улогата и дејноста на Државниот инспекторат за труд мора да продолжи во насока на остварување на поефикасен инспекциски надзор и контрола над примената на мерките за БЗР, како и јакнење на неговата проактивна советодавна и едукативна функција. Промоција на системот на внатрешна контрола, јавно и трансперентно работење, како и воведување на е-алатки со нови ИТ решенија во вршењето на инспекцискиот надзор и контрола во областа на БЗР треба да промовира квалитативно нов пристап во работата на ДИТ. За оваа цел неопходно е засилување на инспекцијата, како во делот на човечките ресурси, така и во однос на унапредување и модернизација на работата на инспекторите, работните процеси и стандарди, опременоста итн. Неопходно е да се посвети особено внимание и на континуираното унапредување на стручноста на инспекторите и усвојување на нови знаења, преку спроведување на посебни специфични обуки и тренинзи за стекнување соодветни компетенциии на инспекторите од ДИТ, а поддржано и со воспоставување на соодветен тренинг едукативен центар во Инспекторатот.

***Стручни лица за безбедност при работа*** - Јакнење на капацитетите на стручните лица за безбедност при работа треба да продолжи и понатаму со организирање едукативни семинари, обуки, работилници, како и имплементирање на позитивни и добри практики за БЗР во претпријатијата и особено мали и средни претпријатија.

Здруженијата за безбедност при работа во Р. Северна Македонија како професионални асоцијации останувaат најсилни промотори на активности за унапредување на безбедноста и здравјето при работа. Неопходно е поставување на стручното лице за БР на професионална основа на база на соодветно образование. Потребно е воспоставување на облик на едукација наменета за стручните лица и за полагање на стручниот испит, преку кој ќе се продуцираат добро подготвени и едуцирани кадри. Во овој дел, планирано е и воспоставување и промовирање на акредитирани специјалистички студии за БЗР, наменети за стручните лица по безбедност при работа. Идентификувана е потребата и од дефинирање на критериуми за квалитет и евалуација на обуките кои ги одржуваат овластените институции за континуирана едукација и усовршување на стручните лица за БР. Потребно е понатамошно унапредување и развој на програмите, моделите и формите на континуирана едукација на стручните лица за безбедност при работа, пропишана со Законот за БЗР.

***Здравствена заштита на работниците*** - Системот на здравствена заштита на работниците треба да се унапредува преку ефикасни и ефективни Служби за медицина на трудот (овластени јавни и приватни установи во кои се врши дејноста медицина на трудот), на сите нивоа на здравствена заштита, во рамките на активна Мрежа за медицина на трудот, со обезбедување покриеноста со услугите на медицината на трудот за непокриените сектори во економијата и ризичните групи работници (земјоделци, градежни работници, здравствени работници, неформален сектор, невработени лица, мали и средни претпријатија, мигранти и др.) Притоа, неопходно е и јасно да се дефинира положбата на медицината на трудот во националниот здравствен систем и да се воспостават услови и стандарди за организација и работа на службите за медицина на трудот.

Со цел унапредување на здравствената заштита на работниците, неопходен е развој и примена на критериуми за евалуација, следење и контрола на квалитетот на услугите од областа на медицината на трудот, кои се спроведуваат во овластените установи каде се врши дејноста медицина на трудот, т.е. служби за медицина на труд.

За усогласување на активностите на службите за медицина на трудот во рамките на Мрежата, потребно е да се воспостават соодветни механизми на координација од страна на Институтот за медицина на трудот на Република Северна Македонија, согласно надлежностите утврдени во Законот за здравствена заштита.

Потребно е подобрување на евиденцијата во делот на безбедност и здравје на работа, со вклучување службите за медицина на трудот во интегриран информатички систем за следење и пријавување на повредите на работа и професионалните болести, компатибилен на веќе воспоставениот интегриран здравствен информатички систем (IHIS), кој го води Министерството за здравство (сектор Е-Здравство).

Потребно е да се иницираат мерки за активирање и ефикасно спроведување на процесот на професионална рехабилитација и реинтеграција на работниците („*return to work*“), кои се подолго време исклучени од работното место поради болест или повреда, односно лица со попреченост, во кој процес докторот специјалист по медицината на трудот ќе има една од клучните улоги, а во рамките на еден мултидисциплинарен пристап.

***Образование и едукација*** - Усвојување на знаења и вештини од областа на БЗР низ образовниот процес на сите нивоа - основно, средно и високо образование, е еден од основните фактори за унапредување и развој на оваа област во заедницата. Едукација и тренинг во областа на безбедност и здравје при работа, се спроведува во повеќе образовни

институции, тренинг центри и професионални здруженија, преку различни едукативни форми, наменети за различни профили.

Постоечките студиски програми од областа на БЗР (сите три циклуси-додипломски, постдипломски и докторски студии) на Универзитетите, треба поинтензивно да се промовираат со оглед на потребите на пазарот на труд од овој високо профилиран кадар во општеството. За овозможување напредок и развој на БЗР, неопходно е и зголемување на бројот на стручни кадри од областа на безбедносното инженерство.

Но, потребно е и да се воспостават програми за едукација и обука за БЗР во основните и средните училишта, со воведување на основните принципи за БЗР во наставните програми и содржината на наставните предмети, со цел градење на културата на превенција од најмладата возраст.

Здруженијата за безбедност при работа, треба да продолжат со активности во делот на неформалното образование во областа на БЗР, реализирајќи ја континуираната едукација на стручните лица за безбедност при работа.

Исто така и социјалните партнери, т.е. организациите на работодавачи и организациите на работници (синдикати), како и стопанските комори, е неопходно интензивно да придонесуваат кон имплементацијата на принципите за БЗР, преку организирање семинари, работилници, конференции за теми од областа, за работници и работодавачи, како и преку континуирани едукации на синдикални претставници и претставниците за БЗР во компаниите.

Во системите за БЗР, една од клучните улоги ја има докторот специјалист по медицина на трудот. Оттаму специјализација по медицината на трудот за докторите на медицина, за која е задолжена Катедрата за медицина на трудот на Медицинскиот факултет, обезбедува стручно усовршување на докторите во областа на клиничко-превентивна дисциплина - медицина на трудот, со цел поефикасна и поцелисходна здравствена заштита на работниците.

Програми за тренинг и едукација од областа на здравје и безбедност при работа за доктори-специјалисти по медицината на трудот (тренинг модули на различни теми од БЗР), преку реализација на континуирана медицинска едукација, континуирано ќе ги спроведува Македонското здружение за медицината на трудот при Македонското лекарско друштво, Институтот за медицина на трудот на Република Северна Македонија и други овластени и релевантни институции и организации во областа.

***<u>Промоција на култура на превенција</u>*** - Развој на култура на превенција на работното место, како постојана потреба на работодавачите, работниците, заедницата - како основни чинители во системот на БЗР; Развој на промотивни и превентивни програми за различни целни групи, спроведување обуки за стекнување знаења и вештини со посебна улога на докторите-специјалисти по медицина на трудот и стручните лица за безбедност при работа, преку нивните професионални здруженија; Обезбедување на практични насоки, водичи, информации и алатки со цел да се промовира културата на превенција од ризик на работно место, особено во мали и средни претпријатија. Зголемување на свеста за проблемите во областа на БЗР кај работниците, работодавачите, пошироката заедница преку акции и кампањи преку конференции, работилници, семинари, тркалезни маси, натпревари, трибини, конференции за печат, дисеминација на информации и промотивни материјали - летоци, брошури, постери, изработка на информативни видеа, како и со интензивно користење на социјални мрежи, медиуми, *on-line* алатки итн. За оваа цел, умрежувањето и партнерството треба да се развиваат како клучен фактор во комуникацискиот пристап за зголемување на свесноста во областа на БЗР.

***<u>Истражување и развој</u>*** - Истражување во областа на безбедноста и здравјето при работа мора и понатаму да се развива и зајакнува преку научно-истражувачки програми и проекти, со засилување на човечките и технички капацитети, како и соработка со академските институции, економски и невладини сектори. Потребно е финансиско стимулирање на

истражувањата во доменот на БЗР и вклучување во националната истражувачка агенда како еден од приоритетите.

***Информатички системи во БЗР*** – Еден од најзначајните недостатоци и предизвици со кои се соочува областа на безбедноста и здравјето при работа е евидентниот недостаток од релевантни, доверливи и целосни и сеопфатни статистички податоци, кои би биле генерирани, евидентирани, прибирани и анализирани преку еден сеопфатен национален информатички систем. Моменталната состојба е таква да во делот на основните статистички индикатори во областа на БЗР, т.е. статистиките и евиденциите на повредите при работа и професионалните болести, релевантни податоци и извештаи или не постојат, или се многу оскудни, нецелосни и некомплетни, или се продуцираат од страна на различни извори, и се неспоредливи или не соодветствуваат. За надминување на овој долготраен предизвик неопходно е да се отпочне со дизајн, изработка и имплементација на едно систематско, сеопфатно решение (информатички систем), преку кое ќе може на унифициран и ефикасен начин да се прибираат, евидентираат, обработуваат податоците поврзани со БЗР и да се подготвуваат соодветни анализи и извештаи, во согласност со меѓународно прифатените стандарди и методологии во овој дел.

### 4.1.3 Јакнење и унапредување на способноста за одговор на системите на БЗР на постоечки и новонастанати ризици - нови предизвици

Денес, постоечките, но и нови и новонастанати ризици за безбедност и здравје при работа претставуваат предизвици кои бараат креирање, имплементација и мониторинг на ефективни БЗР политики (регулаторни, водечки или поддржувачки). Тие треба да помогнат на креаторите на политиките, компаниите, работодавачите, работниците, професионалците во БЗР и сите клучни партнери да ги постават приоритетите за акција, со цел превенирање или минимизирање на ризиците и обезбедување на соодветен и навремен одговор со примена на ефикасни превентивни мерки.

Актуелни предизвици во областа на безбедност и здравје при работа во фокусот на новата Стратегија за БЗР 2021-2025:

***Нови начини и форми на работа*** - работа од дома, работа од далечина, развојот и употребата на нови технологии (нанотехнологија, биотехнологии, електромагнетни зрачења), автоматизацијата и дигитализацијата - водат кон отварање на нови можности за работниците, кон зголемување на флексибилноста на работата, придонесуваат за обучена, иновативна, компетитивна работна сила, способна да се справи со „зелената“ и дигитална транзиција. Но, некои од овие промени, покрај позитивните ефекти и бенефити, можат да придонесат и кон појава на нови предизвици, кон зголемена несигурност во работата, зголемена непостојаност и нередовност во однос на тоа кога и каде се извршува работата, појава на ризици поврзани со нови алатки и машини, зголемен ризик по здравјето и безбедноста во однос на експозиција на нови супстанци, нови и непознати услови на работа, несигурност во обезбедување на правата од работниот однос, појава на стрес итн.
Исто така и привремената работа, работата по договор, нестандардната работа, сменска или ноќна работа, сезонска работа, работа на мигранти, работа во неформален сектор, „сива економија“, се сметаат за типови на работа со повисоко изразено ниво на ризик по здравјето и безбедноста на работниците, придружени со продолжено работно време, недостиг на информации, недоволен или неадекватен тренинг или лоши комуникации, неинформираност итн.

***Демографски промени и вулнерабилни (ранливи) групи работници*** - работници во напредната возраст, жени и млади работници, лица со попреченост како и вулнерабилни

групи работници, работници во високо ризични сектори (земјоделство, градежништво, здравство и др.) и работници вклучени во нови форми на работа. Овие работници поради вулнерабилноста и сензибилноста бараат посебно внимание од аспект на безбедност и здравје при работа при оценката на професионалните ризици, здравствените ефекти и легислативната поддршка со адаптација на работни места со специфични мерки на интервенции за одредени категории работници.

***Биолошки агенси*** - вируси, бактерии, фунги и паразити, во услови на професионална експозиција на познати или новонастанати биолошки ризици, може да предизвикаат кај изложените работници (здравствени работници, ветеринарни работници, полиција, војска, вработените во транспорт, комунална хигиена и др.) различни инфективни болести. Тоа може да бидат добро познати, веќе постоечки (колера, жолта треска и др.) или новопојавени заразни болести како што се Птичји грип, Ебола или Ковид-19, кои може да предизвикаат епидемии или пандемии на глобално ниво. Тоа бара зајакнување на подготвеноста за одговор за спречување на ширењето на заразни болести на сите нивоа во заедницата, со примена на сите мерки за превенција и промоција на здравјето на работното место, при што имунизација е едена од клучните мерки.

***Психосоцијални ризици*** - стрес поврзан со работата, синдром на согорување, насилство на работа, мобинг - спаѓаат во актуелни и значајни предизвици кои ги загрозуваат здравјето и безбедноста на голем број експонирани работници на различни работни места и во различни работни средини. Несоодветен работен дизајн, лоша организација или менаџирање, како и несоодветен социјален контекст на работата, појава на вознемирување на работното место, може да предизвикаат нарушување на здравјето и работната способност кај работниците, манифестирајќи се преку негативни психолошки, физички и социјални ефекти. Утврдување на причините и справување со психосоцијалните ризици обезбедуваат главни насоки во борба против стресот со јакнење на организационите и индивидуалните здравствени способности на работниците.

***Опасни хемиски супстанци*** - претставуваат ризик по здравјето и безбедноста на работното место, широко се присутни во бројни работни процеси и може да предизвикаат здравствени проблеми кај експонираните работници од иритативни или алергиски реакции, труења или малигни процеси, но истовремено тие може да бидат ризик и по безбедноста - пр. ризик од пожар, експлозија и сл. Во рамките на ефикасна превенција се вклучуваат развој на програма за безбедно ракување со опасни хемиски супстанци и карциногени, зајакнување и имплементација на легислативата во доменот, ревизија на МДК вредности, како и идентификација на ризични групи работници.
*Азбестот* е една од најопасните канцерогени хемиски супстанци, чие производство и употреба е забранета според законска регулатива, но сеуште е присутна при одделни работни процеси (отстранување азбестни плочи, замена на азбестни инсталации, отстранување на азбестен отпад и сл.). Неопходно е усвојување и имплементација на подготвената Национална програма за елиминација на болести предизвикани со азбест, со посебен фокус на професионални малигни болести (професионален карцином на бели дробови, малигни мезотелиом).

***Мускулоскелетни нарушувања поврзани со работата*** - се присутни на голем број работни места, а работната средина и работниот процес значајно придонесуваат кон појава на овие состојби. Мускулоскелетните нарушувања значајно ја нарушуваат подвижноста и водат кон долготрајни боледувања, инвалидност и рано пензионирање на засегнатите работници, при што лумбалниот синдром (долно-грбна болка) е водечка состојба. Проценката на ризик, со посебен фокус на стресори и ергономски фактори, примена на чек-листи (скрининг), мерки за превенција и промоција, се од посебен интерес за превземање акции во доменот на БЗР.

***Климатските промени*** - се еден од најактуелните еколошки феномени кои влијаат врз здравјето на работниците (земјоделци, градежни работници, работници кои работат на отворено) и се поврзани со екстремни температури (топол и студен бран), аерозагадување, нови непознати инфективни агенси кои се пренесуваат со вектори, зголемено присуство на аероалергени, но и негативни ефекти на адаптациони процеси како што се обновливи извори на енергија, „зелена индустрија“, рециклирање. Проценките на ризик, мониторингот на здравствена состојба на експонираните работници, истражувачки и развојни проекти, укажуваат на посебни активности кои е неопходно да се превземат во областа на БЗР во справување со климатските промени.

*Заедничката рамка за справување со критичните точки, наведени во стратешките приоритети, наметнува потреба од активности за ефикасна превенција. Тие треба да опфатат прилагодување на постоечките или носење нови политики или легислатива, детерминирање на трендови на изложеност, со проценка на ризик и идентификација на ризични групи работници, дефинирање на безбедни услови за работа, критериуми за оценка на здравствена состојба и работна способност, клиничко-епидемиолошки студии, како и посочување на алатки за мониторинг и потреби за истражување, едукација и тренинг, промени во организација на работата. Ефективна превенција треба да обезбеди одговор на брзите промени со кои се соочува светот на работата и да ги сочува безбедноста и здравјето на работниците. Тоа ќе придонесе кон воспоставување на добра пракса на ниво на политика и на ниво на интервенција на работното место, што треба да обезбеди содржина на активности за зголемување на свесноста на сите целни групи ("workplace health literacy”), организирани кампањи, идентификација и дисеминација на примери на добра пракса за начини на подобрување на БЗР и примена на мерки за култура на превенција.*



## 5. МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Министерството за труд и социјална политика (МТСП), како ресорно министерство во областа, ја има координативната улога во процесот на мониторинг, евалуација и известување за реализација на активностите согласно Стратегијата за БЗР 2021-2025 и Акциските планови за нејзино спроведување. При следењето на спроведувањето на Стратегијата, МТСП тесно соработува со сите клучни партнери во областа на БЗР, преку принципите на вклученост, транспарентност и заедништво.

Следењето на спроведувањето на активностите согласно Акцискиот план, МТСП го реализира преку изготвување на извештај за реализација на планираните активности кој се доставува до Советот за безбедност и здравје при работа и Владата на Република Северна Македонија. Извештајот за реализираните активности се објавува на веб-страната на МТСП.

Сите релевантни чинители (синдикати, организации на работодавачи, професионални здруженија, научни и образовни институции, здравствени установи и сл.) кои се обврзале за спроведување на конкретни активности согласно Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2021-2025, како носители или партнери во спроведувањето, се должни професионално, одговорно и навремено да ги реализираат истите и да обезбедат информации за тоа, неопходни за процесот на следење (мониторинг).
Во рамката на мониторинг и евалуација на Акцискиот план за БЗР 2021-2023, индикаторите се креирани во согласност со Целите за одржлив развој (ЦОР) на Агендата за одржлив развој 2030, што е обврска преземена од Република Северна Македонија како потписничка на документот, членка на Обединетите нации.

## 6. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансиските средства за спроведување на активностите согласно Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2021-2025, ќе се обезбедуваат во рамките на одобрените буџетски средства на одговорните институции (од буџетите на МТСП, МЗ, ДИТ, ИМТ, ИЈЗ и др.), од организации на работници и работодавачи, професионални здруженија, од донации, проекти, грантови, со поддршка од ЕУ, МОТ и останати меѓународни организации и развојни партнери и други извори.



## *Користени документи:*


[1] Конвенција на МОТ бр. 81,(1947год.), Конвенција на МОТ бр. 155 (1981год.), Конвенција на МОТ бр. 161 (1985год.), Конвенција на МОТ бр. 167 (во 1988год.), Конвенција на МОТ бр. 187 (2006год.) - ратификувани МОТ конвенции во областа;

[2] ЕУ БЗР стратегија, т.е. ЕУ Стратешка рамка за здравје и безбедност на работа 2021-2027;

[3] Европски столб на социјални права (*The European Pillar of Social Rights*) - април 2017 год.

[4] Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development, Division for Sustainable Development, Department of Economic and Social Affairs, UN, 2015

[5] National Strategies in the field of Occupational Safety and Health in the EU, Report,European Agency for Safety and Health at Work, 2019

[6] Информација за реализирани активности, согласно приоритетите од Стратегијата и Акцискиот план за безбедност и здравје при работа 2020, Скопје, јули 2020;

[7] Евалуациона табела за реализација на Стратегијата за БЗР 2020 и Акцискиот план, Скопје, мај 202;

[8] Закон за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015, 192/2015, 30/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/20);

[9] Информација за повреди при работа 2019-2020, ИЈЗ;

[10] Информација за повреди при работа 2018-2019, ИЈЗ;

[11] Информација за повреди при работа 2017-2018, ИЈЗ;

[12] Годишни извештаи од ДИТ за 2017, 2018, 2019 и 2020 година;

[13] Извештај на Европската комисија за Р. Северна Македонија, во делот на БЗР (поглавје 3.19), април 2018 година; мај 2019 година; октомври 2020 година;

[14] Закон за здравствена заштита (Сл. весник на РМ, бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 7/08, 67/09, 88/10, 43/12, 145/12, 10/13, 87/13, 132/13, 164/13, 39/14, 43/14, 10/15, 61/15, 154/15, 17/16, 37/16);

[15] Закон за здравствено осигурување (Сл. весник на РМ, бр. 19/11, 65/12, 16/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 129/15, 150/15, 154/15, 217/15, 37/16)

[16] Закон за пензиското и инвалидското осигурување (Сл. весник на РМ, бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 173/15, 217/15, 27/16);

[17] Закон за работните односи (Сл. весник на РМ, бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16);

[18] Закон за инспекција на трудот (Сл. весник на РМ, бр. 35/97, 164/13, 147/15);

[19] National report on the legislative occupational safety and health framework of the former Yugoslav Republic of Macedonia, Skopje, 2018;

[20] Споредбена анализа на Конвенцијата бр.187 за Промотивната рамка за безбедност и здравје при работа и законодавната рамка за БЗР на Република Македонија, МОТ, 2018;


